Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-739/9
20.07.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-739/9
20.07 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 66 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Министерство за информатичко општество и администрација | | |
| **Датум** | 16.06.2023 година | **Време** | 13.30 – 15.15 часот |
| **Бр. на седница** | 66-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Блерта Превала Етеми– член на НКБК<br>5. Лавдрим Елмази – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Митко Аритоновски, МИОА | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески и Владимир Соколов | | |

| ДНЕВЕН РЕД |
|---|
| 1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 17.05.2023 година;<br>2. Ажурирање на предлогот на НКБК за Столбот 1 и Акцискиот План од предлог Националната ИКТ стратегија (барање од претседателот на Работната група);<br>3. Учество на членови на НКБК во подготовката на Законот за дигитална трансформација и безбедност на мрежи и информациски системи;<br>4. Информација за прогресот во процесот на ажурирање на бели, сиви и црни зони;<br>5. Разно. |
| ; |
| |

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 66-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 65-та седница, одржана на 17.05.2023 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Димитар Буковалов, ги информираше присутните дека согласно барањето на претседателот на работната група за изработка на Националната ИКТ стратегија (Никола Николов), треба да се ажурира Столбот 1 и Акцискиот План од предлог текстот на стратегијата. Членовите на телото направија преглед и ажурирање на содржината на Столбот 1 и Акцискиот план од нацрт-стратегијата и истите се усогласени со новиот концепт за дигитална трансформација во јавниот сектор. НКБК истовремено даде свои забелешки и за формирањето на новата Агеција за дигитална трансформација.

**Заклучок:** Предлог текстот да биде веднаш доставен до претседателот на работната група за изработка на Националната ИКТ стратегија (Никола Николов)

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на третата точка, се разговараше околу подготовката на Законот за дигитална трансформација и безбедност на мрежи и информациски системи и учеството на членовите на НКБК во процесот. Буковалов информира дека во рамките на МИОА формирана е Работна група која во предлог законот треба да ја транспонира Директивата на ЕУ 2016/1148 на мерки за високо заедничко ниво на безбедност на мрежни и информациски системи, а да се земе предвид нејзината измена од 2022 година, односно Директивата 2022/2555. Работната група треба да го подготви предлог законското решение до крајот на септември 2023 година. Исто така, Буковалов информираше дека во рамките на МИОА се формирани уште две работни групи - Работна група за подготовка на Национална ИКТ стратегија и Работна група за подготовка на Национална стратегија за сајбер безбедност со акциски план.

**За четвртата точка од дневниот ред,**

Во рамките на четвртата точка, Буковалов предложи точката од дневниот ред за прогресот во процесот на ажурирање на бели, сиви и црни зони да биде одложена за следната седница на НКБК, заради отсуството на членот на телото, Зоран Дервишов. Инаку, Дервишов до членовите на експертското тело достави драфт-извештај од спроведеното мапирање на постоечко и планирано бродбенд покривање и нова состојба на домаќинства во бели, сиви и црни зони, кој ја опишува состојбата од крајот на април 2023 година.

**За петата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, не се отвори дискусија.

Записникот го водеше претседателот на НКБК
**Димитар Буковалов**